Република Северна Македонија
ЈУМ Центар за социјална работа
Свети Николе
Бр. 04 - 1159/9
дата: 13.06.2025

Врз основа на член 212 став,17 и 18 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19 и 146/19) , чл. 22 став 1 алинеја 9 од Статутот на Установата, како и Записникот на Комисијата за селекција на кандидат бр.04-1159/8 од 12.06.2025 г., в.д. Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа , во врска со објавениот Јавен оглас бр. 04-1159/2 од 26.05.2025 година донесе:

## О Д Л У К А
### За избор на кандидат за вработување

1. За извршител на работно место Стручен службеник – Дипломиран социјален работник во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за права од социјална заштита по спроведната постапка по Јавниот оглас бр. 04-1159/2 од 26.05.2025 година год. се избира кандидатот **Ленче Стојанова.**
2. Именуванувана ќе биде вработена на пробна работа на работно место од претходната точка, по конечеността на оваа Одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.
4. Одлуката да се објави на огласна табла или на веб страницата на установата .

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По јавениот оглас бр. 04-1159/2 од 26.05.2025 година објавен на ден 29.05.2025 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за вработување на еден извршител давател на услуга на работно место Стручен службеник – Дипломиран социјален работник од 5 ниво во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во службата за права од социјална заштита , а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за вработување на работник, бр.19-4926/2 од 13.05.2025 година, спроведена е постапка за вработување согласно Законот за социјалната заштита.

В.д. Директорот на Установата формира Комисија за селекција на кандидат со Решение бр. 04-1159/5 од 11.06.2025 година од редот на давателите на услуги и еден член од административните службеници кои работи со човечки реусрси. Од страна на Комисијата за селекција на кандидат беа разгледани поднесените пријави и документи од потенцијалните кандидати и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека за работното место Стручен службеник – Дипломиран социјален работник има двајца кандидати, од кои само еден ги исполнува општите и посебните услови и ги има поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 212 став 17 од Законот за социјалната заштита, како и врз основа на записникот од Комисијата за селекцијата бр. 04-1159/5 од 11.06.2025 година година со предлог ранг листа за работното место, в.д. Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку Центарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инсекциски надзор во втор степен.

**Доставено до :**
**-архива**
**-кандидати**

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**в.д. Директор**
**Марија Манасова-Коцева**